NEPHU
NORTH EASTERN PUBLIC HEALTH UNIT

Macedonian | Македонски

# COVID-19 бустер доза 2023

***COVID-19 не исчезна.*** Всушност, вирусот продолжува да се менува и се појавуваат нови варијанти на COVID-19 кои ги заразуваат луѓето. Но, тоа што не се сменило е дека вакцинацијата е сè уште најдобар начин на заштита од влијанието на COVID-19 врз вашето здравје и добросостојба. Затоа сега има нови упатства и препораки за вакцинација.

## Нови препораки за бустер доза во 2023

ATAGI* ***препорачува*** следните групи да примат бустер доза во 2023 година:

- Сите возрасни на 65 години и постари
- Возрасни на 18-64 години кои имаат медицински состојби што го зголемуваат нивниот ризик од тешка форма на COVID-19 или имаат попреченост со значителни/сложени здравствени потреби.

За деца и адолесценти на 17 години или помлади ***не се препорачува*** да примат бустер доза.

Групи ***иземени*** од тоа се децата и адолесцентите на 5 до 17 години кои имаат медицински состојби што го зголемуваат нивниот ризик од тешка форма на COVID-19 или имаат попреченост со значителни/сложени здравствени потреби.

Ако имате 18 или повеќе години и поминале 6 или повеќе месеци откако сте ја примиле последната доза на вакцина против COVID-19 или откако сте имале потврдена инфекција со COVID-19 (во зависност што се случило поскоро), можете сега да примите бустер вакцина против COVID-19 за 2023 година, без оглед колку вакцини против COVID-19 сте примиле претходно.

## Видови на вакцини

Сите сега достапни вакцини против COVID-19 може да се употребуваат за бустер доза во 2023, но бивалентните mRNA бустер вакцини се претпочитани вакцини. Тоа е затоа што овие вакцини беа развиени конкретно за сојот Omicron, кој и натаму е најчестиот сој на COVID-19.

Ако имате прашања за тоа кој вид вакцина против COVID-19 да одберете, разговарајте со вашиот доктор за да дознаете кој вид на вакцина против COVID-19 е можеби најдобар за вас.

## АНТИВИРУСЕН ТРЕТМАН ЗА ЛУЃЕ ИЗЛОЖЕНИ НА РИЗИК

Антивирусни лекови се лекови кои помагаат да се спречи вирус да ги зарази здравите клетки или да се размножува во телото. Тоа значи дека тие лекови може да ги намалат симптомите на вашата инфекција и да ја скратат должината на вашата болест. Со намалување на сериозноста на болеста, помалку е веројатно да одите во болница, да се појават проблеми со дишењето, да ви требаат кислород или лекување на интензивна нега, или да умрете од COVID-19.

Антивирусното лекување од COVID-19 е или со таблети (треба да се голтнат) или се дава интравенозно (директно во крвотокот). Лекувањето треба да почне што е можно поскоро, обично во рок од пет дена од појавата на симптоми.

- Ако веќе сте имале позитивен тест за COVID-19, може да ги исполнувате условите за антивирусен третман заради намалување на ризикот од сериозна болест и хоспитализација.
- Ако имате сериозно нарушен имунитет** и сте изложени на ризик од инфекција со COVID-19, исто така можеби ги исполнувате условите за третман против COVID-19 пред да бидете изложени на вирусот.

Разговарајте со вашиот доктор да подготви план за тоа кој антивирусен третман е најдобар за вас, ако добиете COVID-19.

**За повеќе информации, прочитајте го *советот на ATAGI за бустер доза во 2023* во продолжение:**

**Австралиска техничка советодавна група за имунизација (Australian Technical Advisory Group on Immunisation - ATAGI)*

*** Сериозно нарушен имунитет е состојба кога нечиј имунолошки систем е ослабен и помалку може да се спротистави на инфекции и болести поради разни фактори, вклучително старост, рак и употреба на лекови за сузбивање на имунитетот*

За повеќе информации, пратете нѝ имејл на engagement.nephu@austin.org.au

Најдете нè на: